Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2008

Архивски бр. 15-2914/2

Дата: 25. 08. 2017

До: Министерство за животна средина
и просторно планирање
Сектор за природа
тука

Предмет: Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина

Врска: ваш бр. 15-2914/1 од 30.05.2017

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. 15-2914/1 од 30.05.2017 год. и по доставениот Финален Извештај за стратегиска оценка на животната средина за Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027 – Министерство за животна средина и просторно планирање, а врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава позитивно мислење по содржината и обемот на документот.
Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот.
Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и

мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.

Истовремено, се препорачува доследна примена на мерките предвидени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

Со почит,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изработил: Милева Тагасовска

Проверил: Сашо Апостолов

Одобрил: Неби Реџепи